Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15), **Општина Штип,** на ден 07.04.2016 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За предлог планската програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 254/1; 255; 256; 257; и 258; К.О Три Чешми вон градски реон, Општина Штип кој се носи согласно Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2016 година, согласно оваа програма е донесена одлука за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД со бр.08-2566/1 од 15.03.2016 год., не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на предлог планската програма за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 254/1; 255; 256; 257; и 258; К.О Три Чешми вон градски реон, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Планскиот опфат се наоѓа во КО Штип вон градежен реон, согласно потребите на Општина Штип во Локалната урбанистичка планска документација, предвидува група на класа на намена А-домување, односно А1-домување во станбени куќи, Д - заштитно зеленило и Е - инфраструктура како и класи кои се компатибилни на основните класи. Со изработката на ЛУПД за КО Штип, Општина Штип треба да обезбедат услови за развој. Општина Штип како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функии преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планирање површини со конкретни просторни сообраќајни и инфраструктурни решенија. На предметниот опфат не постојат изградени објекти. Станува збор за празна неизградена површина до која има колски пристап од западната страна на опфатот. Општината има потреба од донесување на ова документација со што би можела да ја понуди на инвеститори на кои ќе и овозможи изградба на објект кој е од значително значење на самата Општина. Поради ова целта на изработка на ЛУПДто е формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градба со намена А1, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.09-2867/3
Штип

м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
прим. м-р Илчо Захариев